Бр: 03-168/2
Скопје: 22.09.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 22.09.2021 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Барањето на мислење бр. 09-9418/1 од 01.09.2021 година добиено од Владата на Република Северна Македонија – Кабинет на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции. Во барањето на мислењето е наведено дека компанијата Еуроникел Индустри ДОО ќе реализира нов инвестициски проект кој се однесува на модернизација на начинот на производство и одржување со набавка и инсталација на нова опрема и нови машини, воведување на нови поеколошки горива и користење на обновлива енергија кои ќе имаат за цел оптимизирање на производството, продолжување на векот на траење на инсталацијата, зголемување на безбедноста и намалување на застоите како и намалување на емисиите на прашина и гасови. Според Предлог- Договорот за доделување на државна помош предвидено е компанијата до 31.12.2024 година да инвестира износ од најмалку 20.000.000 евра во денарска противвредност и да создаде најмалку 30 нови работни места за државјани на Република Северна Македонија.

Предлог моделот и видот на државна помош кој би и се доделил на компанијата за да ја реализира горespоменатата инвестиција, а кој е креиран како регионална помош за реализирање на продуктивна почетна инвестиција, опфаќа:

1. **Исплата на пропорционален дел од платениот данок на добивка, кој се однесува и произлегува исклучиво од Инвестицискиот проект опишан во Деловниот план, пресметан и платен согласно Законот за данок на добивка, за период до 10 години, почнувајќи од годината што следи по годината на Датумот за почеток**

2. **Исплата на готовински грант во износ од 10% од износот на Оправданите инвестициски трошоци реализирани од компанијата, но не повеќе од 1.000.000 (еден милион) евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ, на годишно ниво, за временски период од 5 години сметано од Датумот на почеток на инвестицискиот проект**

3. **Исплата на готовински грант во износ од 3.000 (три илјади) евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ, по вработен, за креирање на нови**

**работни места за кои се исплаќа месечно нето плата повисока за најмалку 50% од висината на минималната нето плата пропишана со Законот за минимална плата која важела во периодот на креирање на работното место, но не повеќе од 90.000 (деведесет илјади) евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ, за временски период од 5 години сметано од Датумот на почеток на инвестицискиот период.**

4. **Исплата на дополнителен готовински грант во износ од 10% од износот на Оправданите инвестициски трошоци реализирани од компанијата, но не повеќе од 1.000.000 (еден милион) евраво денарска противвредност по среден курс на НБРСМ, на годишно ниво, за временски период од 5 години сметано од Датумот на почеток на инвестицискиот проект, под услов компанијата да не го намали просечниот број на вработени во последната година за повеќе од 5% во однос на просекот од претходните три години и да оствари пораст на приходите од работењето од најмалку 5% во однос на просекот од претходните три години.**

Согласно член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен венсик на Република Македонија„ бр. 145/10), кој гласи: „**во оцена на облиците на државна помош кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно член 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските Заедници и нејзините членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за државна помош во Европската унија**", Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека е **забрането доделување на** државна помош во челичната индустрија во вид на регионална помош. Таквата забрана произлегува од Насоките за регионална помош на Заедницата (*Guidelines on regional aid for 2014-2020, 2013/C 209/01)*, точка 9 која гласи: „**регионална помош за секторите челик и синтетички влакна нема да се смета дека е компатибилна со внатрешниот пазар".** Поаѓајќи од горенаведеното, државната помош која давателот на државна помош со горенаведениот Предлог-Договор има намера да ја додели како регионална помош на Еуроникел Индустри ДОО **е недозволена**.

Земајќи ја предвид Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), согласно Протокол 2 член 5 точка 2) од ССА, државната помош во челичната индустрија (Производите во Поглавјето 72 – Железо и челик од Заедничката царинска тарифа), државна помош може да се доделува само врз основа на специфични критериуми што произлегуваат од примената на правилата за државна помош во ЕУ, вклучувајќи го и нејзиното секундарно законодавство, и вклучувајќи какви било специфични правила за контрола на државната помош применливи во секторот челик по истекување на важноста на Договорот на Европските заедници за јаглен и челик. Важноста на овој Договор истече на 23.07.2002 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека согласно законодавството за државна помош одредени видови на државна помош под одредени услови може да се доделуваат во челичната индустрија, како што се помошта за истражување, развој и иновации; помош за заштита на животната средина (само за достигнување на стандарди за заштита на животната средина кои се над стандардите

предвидени во националното законодавство) и помош од мало значење (de minimis). Ваквите видови на помош се предвидени и во нашето законодавство за државна помош односно во Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14) – поглавјето II и III од горенаведената Уредба и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

Напоменуваме дека во случај да се доделува помош за горенаведените области во челичната индустрија, таквата помош треба да биде во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, а пред евентуалното доделување давателот на државна помош е должен да достави Известување за планирано доделување на помош согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), (на Образецот даден како Прилог I од горенаведената Уредба), односно да постапи соодветно на одредбите на Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**